УЖ-2.бр.57/2021

ВИШИОТ УПРАВЕН СУД преку Претседателот на советот Владанка Панчурова Сулејманова, со записничар Ивица Наумоски, судски соработник, решавајќи по барањето за исправка на пресуда од тужениот Државната комисија за жалби по јавни набавки од Скопје на пресудата на Вишиот управен суд УЖ-2.бр.57/2021 од 26.01.2021 година, за јавна набавка, на ден 16.02.2021 година, донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

-за поправање на пресуда-

Се врши поправање на пресудата УЖ-2.бр.57/2021 од 26.01.2021 година и тоа:

На првата страна во став 2 и 3 од образложението на пресудата е направена техничка грешка така што наместо „Министерството за труд и социјална политика", треба да стои „ Државната комисија за жалби по јавни набавки ".

Ова решение е составен дел на пресудата УЖ-2.бр.57/2021 од 26.01.2021 година.

## О б р а з л о ж е н и е

Вишиот управен суд постапувајќи по барањето за исправка на пресуда од тужениот Државната комисија за жалби по јавни набавки најде дека е направена очигледна грешка во пишувањето на пресудата на овој суд УЖ-2.бр. 57/2021 од 26.01.2021 година, поради што е потребно да се изврши поправање на пресудата.

Имено, на првата страна во став 2 и 3 од образложението на пресудата е направена техничка грешка така што наместо „Министерството за труд и социјална политика", треба да стои „ Државната комисија за жалби по јавни набавки ".

Согласно членот 331 став 1 и 2 од Законот за парнична постапка („Службен весник на Република Македонија" број 79/2005 и измените на овој закон) е предвидено: „Грешките во имињата и броевите, како и други очигледни грешки во пишувањето и сметањето, недостатоците во формата и несогласноста на преписот на пресудата со оригиналот, ќе ги поправи

претседателот на советот, односно судијата поединец во секое време. Поправањето ќе се изврши со посебно решение и ќе се внесе на крајот на оригиналот, а до странките ќе се достави препис од решението“.

Имајќи го предвид наведеното, судот изврши поправање на пресудата на начин наведен во изреката на ова решение.

Решено во Виш управен суд на ден 16.02.2021 година под УЖ-2.бр.57/2021

Записничар - судски соработник
Ивица Наумоски с.р.

Претседател на совет – Судија
Владанка Панчурова Сулејманова с.р.

/МА

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Судски службеник